**UDK 338.124.4:677(497.7)**

**Илија ГРУЕВСКИ***

# ВЛИЈАНИЕТО НА ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ВРЗ ТЕКСТИЛНОТО ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Вовед

Текстилната индустрија претставува традиционална индустриска гранка во Република Македонија, која што се одликува со специфичен трудоинтензивен карактер. Производството на текстилната индустрија, во основа, се состои од производство на текстил и производство на текстилни производи и облека. Ако се набљудува во целина, таа би се состоела од низа на производствени процеси и активности почнувајќи од набавка на суровини, преработка на суровини и произвоство на текстил, трансформација на текстилните материјали во производи - облеки и извршување на услуги од доменот на текстилот.[1]

Целокупниот процес на производство на текстилната индустрија, набљудувано според фазите на производство, се состои генерално од 4 основни етапи и тоа: производство на суровини, производство на текстил, склопување на делови или производство на облека и извршување на услуги во врска со текстилното производство.[2] Притоа, секоја од овие различни фази на текстилното индустриско производство има различни трошоци кои можат да бидат трудоинтензивни или капиталинтензивни во зависност од тоа дали претежно преовладуваат трошоците на работната сила или трошоците на капиталот. Поради ова, производството во текстилната индустрија има меѓународен карактер, бидејќи во зависност од тоа која локација, односно земја има компаративни предности од аспект на трошочните варијабли, таму и се организира соодветната фаза од текстилното производство.

Покрај трошочниот фактор, различните фази на ова производство меѓусебно се разликуваат и според нивото на остварените приходи, односно според висината на профитната маржа. Притоа, фазите кои се одликуваат со поголема трудоинтензивност, по правило имаат и пониска профитна маржа, додека оние кај кои преовладуваат трошоците на капиталот, соодветно продуцираат и повисока маржа.

Во Република Македонија се присутни и производството на тексил и производството на облека т.е. конфекциското текстилно производство. Во зависност од трошочниот и приходниот фактор, производството на облека, пак, е присутно во повеќе различни модалитети. Така, најчесто познати облици на конфекциското производство се: производството во вид на кооперативен договор со домашни производители или лон аранжман, системот на полно сопствено или класично производство, систем на кооперативен договор во вид на

---

*Ilija Gruevski, M.Sc., Faculty of law, Goce Delcev University-Stip
e-mail: ilijagruevski@yahoo.com

[1] Груевски И. „Финансирање и развој на малите и средните претпријатија од текстилната индустрија во општина Кочани“, магистерски труд -Економски институт, Скопје, 2008, стр. 31

[2] „Светски трендови во производство на облека“, Центар за истражување и креирање на политики, Скопје 2005 година, стр. 3

„пакет на услуги“ и систем на производство во вид на „купување на крајниот производ“.[3]

Производството во текстилната индустрија на Република Македонија, во последниве години се соочува со низа предизвици и проблеми од структурен карактер, кои доколку благовремено не бидат решени имаат релативно голем потенцијал да ја загрозат неговата меѓународна конкурентност. Покрај тоа, во последно време, пред оваа значајна индустриска гранка се исправува нов проблем - економската рецесија, која крие релна опасност дополнително да ја влоши нејзината позиција во индустриската структура на домашната економија. Затоа, целта на статијата е да се анализира и испита влијанието на економската криза врз перформансите на текстилниот сектор.

## 1. Учинок и карактеристики на текстилната индустрија на Република Македонија

Производството на текстил и текстилни готови производи претставува една од позначајните традиционални индустриски гранки во Република Македонија. Нејзиното значење, пред сé, се огледа во учеството што тоа го има во вкупниот број вработени лица т.е. во апсорбирањето на работната сила и во учеството во вкупниот извоз, а помалку значаен е нејзиниот допринос во формирањето на БДП.

***Табела бр. 1***

Учество на текстилната индустрија на РМ во БДП (додадена вредност), извозот и вработеноста (во %).

| **Учество на текстилната индустрија во проценти во:** | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **- Вкупниот БДП (додадена вредност)** | 3.1 | 2.9 | 2.8 | 2.8 | 2.8 | 2.7 | 3.3 | 3.2 |
| **- Вкупниот извоз** | 31.0 | 33.3 | 32.3 | 31.9 | 26.4 | 21.3 | 19.0 | 18.0 |
| **- Вкупните вработени** | 8.4 | 8.0 | 8.5 | 8.8 | 8.8 | 7.7 | 8.3 | 8.0 |

***Извор: Стратегија за развој на текстилната индустрија во Република Македонија, Економски институт - Скопје, 2007 год., стр. 10 и Државен завод за статистика на Република Македонија.***

Процентуалното учество на овој индустриски сектор во структурата на вкупната додадена вредност или вкупниот БДП покажува тренд на променливи движења. Од просечни 3% во 2001 година опаѓа на константни 2.8% во периодот 2003-2006, за да во 2008 го достигне нивото од околу 3.2%.[4] Што се однесува на нејзиното учество во вкупниот извоз, таа постепено го губи релативното значење што го има, бидејќи континуирано бележи тренд на опаѓање од околу 33% во 2002 година на само 18% во 2008 година. Овие драстични промени се должат на намалувањето на цените на готовите текстилни производи на странските пазари што постепено доведуваат до намалување на вредноста на извозот. Сепак, најголемиот учинок на текстилната индустрија претставува нејзиното учество во

[3] Груевски И. „Финансирање и развој на малите и средните претпријатија од текстилната индустрија во општина Кочани“, магистерски труд -Економски институт, Скопје, 2008, стр. 34

[4] Процентуалното учество на текстилната индустрија во БДП за 2006, 2007 и 2008 година е пресметано идиректно според нејзината структура во вкупното индустриско производство, а потоа е пресметано учеството во однос на вкупната додадена вредност.

вкупната вработеност, и особено учеството во вкупниот број вработени лица во индустријата. Од табела бр. 1 јасно се гледа дека нејзината структура во вкупната вработеност од 8.0% во 2002 година порасна на 8.8% во 2005, за да повторно се намали на истото ниво во 2008 година. Ако се направи слична споредба во однос на вкупниот број вработени лица во индустријата ќе се добие бројка од околу 30.5% во 2006, 33.5% во 2007 и 32.5% во 2008.[5]

Од ова може да се заклучи дека учинокот на ова традиционална индустриска гранка е релативно голем од аспект на извозот и вкупната вработеност, што со сигурност не наведува на фактот за нејзиното стратешко значење за индустријата и стопанството на Република Македонија. Затоа, реално се наметнува потребата од превземање мерки за полесно пребродување на негативните ефекти продуцирани од светската економска криза, а со тоа и зачувување на нејзината кревка меѓународна конкурентност.

Текстилниот сектор на Република Македонија се карактеризира со соодветни специфични одлики. Како едни од препознатливите кои го одвојуваат од другите индустриски гранки се следниве:

- Структурата на производството на текстилната индустрија се состои од производството на текстил и производството на текстилни производи. Меѓутоа, она што е впечатливо е соодносот помеѓу производството на текстил и производството на готови текстилни производи. Имено, специфична одлика на нашиот текстилен сектор е многу поголемата застапеност на производството на готови текстилни производи во однос на производството на текстил.[6] Слична е состојбата и со структурата на вработените лица во текстилната индустрија, каде најголемиот дел од нив е ангажиран во секторот за производство на облека, а помал дел во секторот за производство на текстил[7]
- Структурата на текстилното производство според крајната дестинација на пазарот укажува на фактот за извозната ориентираност на овој индустриски сектор. Најголем процент од вкупното текстилно производство се пласира на странските пазари, односно е наменето за странство. Причината за овој тренд лежи најпрво во малата апсорпциона моќ на домашната економија, традиционалните деловни врски на стопанствениците со странските партнери, но и во карактерот и структурата на текстилното производство.
- Структурата на извозот на готови текстилни производи на Република Македонија се карактеризира со голема застапеност на т.н. лон прозиводство. Имено, во извозот на облека лонот константно учествува со речиси 95%, а просечното учество на лонот во вкупниот извоз од текстилната индустрија во периодот

[5] Државен завод за статистика. Инаку во апсолутни бројки изразено, текстилната индустрија во Република Македнија вработува просечно околу 45000 лица.

[6] Податоците од Државниот завод за статистика во 2006 година за структурата на извозот покажуваат дека, 5.2% од вкупниот извоз е во вид на текстил, а 94.8% во вид на извоз на готова облека.

[7] Според Државниот завод за статистика во истата 2006 година 8.4% (3677 лица) биле вработени во секторот за производство на текстил, а 91.6% (40121 лица) во секторот за производство на готови текстилни производи.

2004-2006 година изнесува преку 92%.[8] Ваквата асиметрична дистибуција на конфекциското производство во корист на лонот, а на штета на класичното конфекциско производство најчесто произлегува од самиот карактер на на текстилното производство кој наложува ваква разместеност на фазите на механичко склопување на деловите на текстилните производи во земјите во развој кои располагаат со изобилство ефтина работна сила.

- Претходниве одлики на текстилната индустрија на Република Македонија укажуваат на нејзиниот изразен трудоинтензивен карактер со голема застапеност на наједноставните фази на текстилното производство, поради што се ангажираат голем број неквалификувани или полуквалификувани работници. Производството е со нестандардизиран среден квалитет и претежно е наменето за извоз чиишто економско-финансиски ефекти со тек на време постепено се редуцираат.
- Економската ефикасност на текстилната индустрија на Република Македонија произлегува, пред сé, од нејзината трудоинтензивност и од масовниот карактер на производството на готови текстилни производи по линиски систем со низок до среден квалитет по доста ниски цени. Организацијата на производниот процес се одвива најчесто во форма на мали и средни претпријатија управувани од менаџери со ниски способности, со мало работно искуство и со ниска опременост на постојните средства. Поради ангажирањето на голем број директни работници, трошоците за плати се изразено високи.
- Ниската економска ефикасност која продуцира големи производни трошоци од една страна, и релизацијата на извозот по ниски извозни цени од друга страна, може да ја влошат на долг рок меѓународна конкурентност на овој сектор и на тој начин да ги минимизираат, а со тоа и да ги релативизираат економките ефекти од извозот на текстилните производи.
- Други специфични карактеристики.

Изнесените специфики упатуваат на фактот дека текстилната индустрија на Република Македонија претставува доста кревка индустриска гранка, на којашто и претстојат одредени преструктурирања.[9] Во вакви услови, секое посериозно нарушување на стабилноста на меѓународното окружување крие соодветни опасности и ризици за оваа дејност, која во голема мера зависи од побарувачката на текстилни производи на странскиот пазар. Последнава економска криза, која на изненадување на економските аналитичари неочекувано долго опстојува, успеа да ги редуцира проекциите на економските варијабли и да ги претвори во минусни. Таа, сега претставува сериозна закана за текстилниот сектор на Република Македонија. Со цел да се согледаат економските последици од рецесијата, ќе се направи краток осврт на нејзиното влијание врз текстилното индустриско производство, врз извозот на текстилната индустрија и врз бројот на вработени во овој сектор. Притоа, како релевантен

---

[8] „Стратегија за развој на текстилната индустрија во Република Македонија“, Економски институт – Скопје, 2007 год., стр. 24

[9] За таа цел беше изготвена и усвоена „Стратегија за развој на текстилната индустрија во Република Македонија“ како проект на Владата на Република Македонија за унапредување и развој на оваа дејност.

временски период на набљудување се зема периодот од втората половина на 2008 година и скоро целата 2009 година т.е. до периодот до кога се расположиви последните статистички податоци. Токму во овој временски период интензитетот на економската криза беше најсилен, така да економските перформанси на текстилната индустрија беа изложени под директното влијание на негативните конјуктивни промени.

## 2. Влијанието на економската криза врз текстилната индустрија

Несомнено е негативното влијание на економската криза врз целокупното индустриско производство. Ако се направи ретроспектива на движењето на индексот на реалниот БДП на индустриското производство како и на вкупниот реален БДП ќе се дојде до заклучок дека негативните трендови од рецесијата се чувствуваат и во домашната економија во последниве 2 години, но со помал интензитет во споредба со европските земји.

***Табела бр. 2***

Реален вкупен БДП и реален БДП на индустриското производство

| **Година** | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2008 I кв. | 2008 II кв. | 2008 III кв. | 2008 IV кв. | 2009 I кв. | 2009 II кв. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реален индекс на индустриско производство** | 2.7 | 2.4 | 8.6 | 4.7 | 7.4 | 10.9 | 10.8 | -8.6 | -7.0 | -13.6 |
| **Реален вкупен БДП** | 4.1 | 3.9 | 5.9 | 4.9 | 5.6 | 6.7 | 5.8 | 2.0 | -0.9 | -1.4 |

***Извор: Министерство за финансии на Република Македонија - Квартален економски извештај - К2 / 2009***

Поконкретно, последиците од економската криза се уште поизразени врз индустриското производство од текстилната индустрија. На нив ќе се укаже преку базниот индекс на индустриско производство во однос на просекот од базната 2005 година, верижниот индекс на индустриското производство и индексот на годишни промени (во однос на претходната година).

***Табела бр. 3***

Индекс на индустриското и текстилното производство.

| **Месец** | **Базичен месечен индекс во однос на просекот од 2005 за периодот јуни 2008 - декември 2009** | | | **Верижен месечен индекс за периодот јуни 2008 - декември 2009** | | | **Месечен индекс на годишна промена за периодот јуни 2008 - декември 2009** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **текстил** | **облека** | **Вкупно индус. произ.** | **текстил** | **облека** | **Вкупно индус. произ.** | **текстил** | **облека** | **Вкупно индус. произ.** |
| **06** | -6,7 | -20,9 | 20,1 | 16,1 | 13,3 | 1,7 | 3,4 | -24,5 | 12,3 |
| **07** | -21,5 | -23,3 | 23,6 | -15,9 | -3,4 | 2,9 | 18,5 | -21,0 | 14,7 |
| **08** | -43,1 | -36,8 | 18,2 | -27,5 | -17,6 | -4,3 | -4,3 | -23,2 | 8,6 |
| **09** | 6,1 | -25,7 | 34,3 | 86,3 | 17,6 | 13,6 | 8,4 | -26,0 | 15,7 |
| **10** | -8,7 | -28,6 | 11,6 | -13,9 | -3,9 | -16,9 | -10,8 | -23,9 | -9,9 |
| **11** | -12,0 | -22,2 | 11,0 | -3,6 | 9,0 | -0,5 | 1,3 | -16,4 | -2,9 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **12** | -12,0 | -29,2 | 2,9 | 0,0 | -9,0 | -7,3 | 24,6 | -15,9 | -10,1 |
| **01** | -62,9 | -41,3 | -18,8 | -57,8 | -17,1 | -21,1 | -33,7 | -13,8 | -16,7 |
| **02** | -36,8 | -36,7 | -7,6 | 70,3 | 7,9 | 13,8 | -30,5 | -27,0 | -11,3 |
| **03** | -29,9 | -41,0 | 1,2 | 10,9 | -6,8 | 9,5 | -21,6 | -28,3 | -4,8 |
| **04** | -46,2 | -47,3 | 2,5 | -23,3 | -10,7 | 1,3 | -35,7 | -22,1 | -7,7 |
| **05** | -38,7 | -42,0 | 0,0 | 14,0 | 10,1 | -2,4 | -23,7 | -16,9 | -15,3 |
| **06** | -36,9 | -30,8 | 0,7 | 2,8 | 19,3 | 0,7 | -32,4 | -12,5 | -16,2 |
| **07** | -50,2 | -20,0 | -0,9 | -21,0 | 15,5 | -1,5 | -36,5 | 4,3 | -19,8 |
| **08** | -61,4 | -43,2 | 6,6 | -22,6 | -29,0 | 7,5 | -32,3 | -10,2 | -9,9 |
| **09** | -30,2 | -26,1 | 21,1 | 81,0 | 30,1 | 13,6 | -34,2 | -0,6 | -9,8 |
| **10** | -46,6 | -42,1 | 10,5 | -23,4 | -21,6 | -8,7 | -41,5 | -18,8 | -0,9 |
| **11** | -41,3 | -23,9 | 15,8 | 10,0 | 31,3 | 4,8 | -33,3 | -2,2 | 4,3 |
| **12** | -43,3 | -21,8 | 23,5 | -3,5 | 2,8 | 6,6 | -35,6 | 10,4 | 20,0 |

***Извор: Државен завод за статистика на Република Македнија - Извештаи за индустриското производство***

Базичниот индекс на индустриското производство ги мери промените на индустриското производство споредено со еден базичен период (во случајов 2008 година), што треба да отсликува еден вид негова нормална состојба. Движењето на базниот индекс на вкупното индустриско производство укажува дека тоа во втората половина од 2008 година во споредба со просекот од 2005 година бележи доста силен пораст (за дури 34.3% во септември), за да на почетокот на 2009 година опадне (за 18.8% во јануари 2008 година), за да потоа се стабилизира на нивото од базниот период. Ова значи дека рецесијата го врати индустриското производство на ниво од 2005 година иако бележеше континуиран тренд на пораст. За разлика од вкупното индустриско производство, движењето на базниот индекс на текстилното производство покажува дека оваа гранка во целост се соочува со криза дури и во периодот пред економската криза, за да потоа со нејзиното манифестирање предизвика преполовување на текстилното производство во однос на она што би требало да претставува нормална состојба (намалување за 47.3% во април 2009 година на производството на облека и намалување дури за 62.9% во јануари 2009 година на производството на текстил).

За разлика од базниот индекс, месечниот верижен индекс ја мери промената на индустриското производство во однос на неговата состојба од претходниот месец, што значи ја дава динамиката на индустриското производство. Неговата аналитичка вредност е значително помала во однос на другите показатели бидејќи како споредбен репер се зема состојбата од претходниот месец која може да биде многу различна и нестабилна големина, а во исто време ги инкорпорира и сезонските влијанија кои ја искривуваат реалната слика за состојбата на производството. Ако се анализираат верижните индекси ќе се заклучи дека за разлика од вкупното индустриско производство, текстилното производство покажува поголема динамика со далеку подрастични промени, а со тоа и поголема стихијност во услови на економска криза. Според тоа, рецесијата доведува до дополнителна нестабилност на процесот на производство, откажување на договорите за испорака и поголема застапеност на непланското производство.

Друг релевантен показател е месечниот показател на годишна промена кој ја мери промената на состојбата на индустриското производство во однос на истиот период од претходната година (на пример јуни 2009 во однос на јуни 2008

година). На овој начин се елиминираат сезонските влијанија кои најчесто се манифестираат во ист период и на тој начин даваат слика за промената на трендот и циклусите на економските појави кои постоеле во минатата година. Затоа, овој индекс има поголема аналитичка вредност во однос на верижниот индекс од аспект на анализата на економските циклуси, односно економските рецесии и експанзии. Индексот на годишната промена на вкупното индустриско производство укажува дека економската криза е присутна во овој сектор и тоа почнувајќи од октомври 2008 година, па се до ноември 2009 година со максимален пад на вкупното индустриско производство од 19.8% во јули 2008 година. Текстилниот сектор во споредба со вкупниот индустриски сектор, според овој индекс, е во значително полоша состојба. Притоа, карактеристично е тоа што производството на текстил е многу поподложно на влијанието на негативната конјуктура, за разлика од производството на облека, кое чудно и апсурдно покажува помали вредности во периодот пред кризата во однос на периодот од кризата (намалување на производството на облека за 25% во јуни 2008 и септември 2008, намалување за 16% во декември 2008, па за 28% во март 2009, па дури и зголемување за 4.3% во екот на најголемата криза во јули 2009 во однос на минатата година). Ова значи дека производството на текстил кое во значителна мера е помалку застапено во структурата на текстилното производство трпи поголемо негативно влијание од кризата, според тоа е поподложено на циклусни влијанија. Производството на облека иако не е имуно на ваквите влијанија, се соочува со проблеми од нецикличен карактер, кои имаат повеќе други белези (структурни, економски, организациони и слично). Ваквите проблеми опстојуваат веќе подолго време и предизвикуваат континуиран пад на индустриското производство на облека, кои во услови на економска криза можат значително да ја искомплицираат и така кревката состојба во овој подсектор.

Од претходново може да се заклучи следново:

- економската криза е присутна и таа предизвика свртување на економскиот циклус во Република Македонија од експанзија во рецесија, намалувајќи го индустриското производство за околу 20%.
- текстилната индустрија не е имуна на економската криза. Притоа, производството на текстил е поподложно на цикличните влијанија за разлика од производството на облека и за разлика од вкупното индустриско производство (дури за 41,5% во октомври 2009 година во однос на октомври 2008 година).
- текстилната индустрија, а посебно производството на облека кое е доминантно во нејзината структура, и пред доаѓањето на економската рецесија се соочуваше со одредени проблеми од нецикличен карактер и со пад на индустриското производство.
- текстилното производство се карактеризира со изразена динамика, нестабилност, стихијност и непланско производство. Кризата носи и ризик од откажување и пролонгирање на договорите со традиционалните странски партнери.
- сегашното ниво на текстилното производство набљудувано во анализираниот период ни одблиску не е на нивото кое беше препознатливо во однос на репрезентативанта 2005 година, што само ги потврдува и надоплонува претходните констатации.

### 3. Влијанието на кризата врз бројот на вработените во текстилната индустрија

Како што е веќе спомнато, текстилната индустрија на Република Македонија како поединечна гранка има атрибути на најголем „работодавач" на работната сила од аспект на вкупниот број на вработени лица во индустијата, пред сé, како резултат на нејзиниот трудоинтензивен карактер. Меѓутоа, со настапувањето на економската криза можно е голем дел од ангажираните работници да останат без работа, а со тоа и да се зголеми стапката на невработеност. Влијанието врз бројот на вработените во овој сектор ќе се анализира преку базичниот месечен и месечниот индекс на годишна промена на работниците во текстилната индустрија и во вкупната индустрија.

***Табела бр. 4***

Индекси на работниците во текстилната индустрија и во вкупната индустрија

| Месец | Базичен месечен индекс во однос на просекот од 2005 за периодот јуни 2008 -декември 2009 | | | Месечен индекс на годишна промена за периодот јуни 2008 - декември 2009 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Текстил | Облека | Вкупно индустриско производство | Текстил | Облека | Вкупно индустриско производство |
| **06** | -19,4 | -1,8 | -4,4 | -5,7 | -4,3 | -1,4 |
| **07** | -24,4 | -6,0 | -4,1 | -5,1 | -4,1 | -0,5 |
| **08** | -25,1 | -6,8 | -4,4 | -4,0 | -2,8 | 0,2 |
| **09** | -25,1 | -7,3 | -5,2 | -4,5 | -3,5 | -1,0 |
| **10** | -26,8 | -9,4 | -6,6 | -7,6 | -5,4 | -2,2 |
| **11** | -27,0 | -9,7 | -7,2 | -10,1 | -6,4 | -3,1 |
| **12** | -29,4 | -9,0 | -6,9 | -5,7 | -2,0 | -3,7 |
| **01** | -31,2 | -8,8 | -8,1 | -14,8 | -4,8 | -3,4 |
| **02** | -30,7 | -9,6 | -9,4 | -14,8 | -5,7 | -4,4 |
| **03** | -35,4 | -12,4 | -10,2 | -20,0 | -9,0 | -5,4 |
| **04** | -37,9 | -12,9 | -9,3 | -23,1 | -9,2 | -4,7 |
| **05** | -40,1 | -12,3 | -10,1 | -22,9 | -7,8 | -6,0 |
| **06** | -41,6 | -11,9 | -10,4 | -23,2 | -6,2 | -6,3 |
| **07** | -41,8 | -12,4 | -11,3 | -23,1 | -6,8 | -7,5 |
| **08** | -41,2 | -11,0 | -13,7 | -21,4 | -4,6 | -9,8 |
| **09** | -41,2 | -12,4 | -14,3 | -21,4 | -5,5 | -9,6 |
| **10** | -41,3 | -14,4 | -14,9 | -20,7 | -5,5 | -8,8 |
| **11** | -41,5 | -12,1 | -13,6 | -19,8 | -2,6 | -6,9 |
| **12** | -41,4 | -11,9 | -13,2 | -17,0 | -3,2 | -6,7 |

***Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија - Извештаи за индексот на работниците во индустријата***

Движењето на базичниот месечен индекс во однос на просекот од 2005 година покажува континуиран пад на вработеноста во секторот за производство на текстил, секторот за производство на облека, но и на вкупната вработеност во индустријата во рамки на набљудуваниот временски период. Притоа, многу поизразено е намалувањето на вработеноста во секторот за производство на

текстил, кој во периодот мај - декември 2009 година бележи намалување на индексот на ангажирани работници за преку 40% во однос на 2005 година. За разлика од него, кај секторот за производство на облека се забележува помал интензитет на трендот на намалување на вработеноста во однос на 2005 година, но сепак поголем од просечното намалување на бројот на работниците во вкупната индустрија.

Анализата на месечниот индекс на годишна промена, укажува на фактот дека бројот на вработените лица директно е погоден од кризата, што доведува до опаѓање на нивниот број во сите ангажирани сектори. Притоа, негативното циклично влијание на кризата најмногу го чувствуваат вработените во секторот за текстил каде што во периодот од март - ноември 2009 година бројот на вработените на годишно ниво се намалил за преку 20%, додека кај секторот за облека најголемо намалување од безмалку 10% е забележано во март и април 2009 година. Ако се направи компарација со индексот на работниците во вкупната индустрија, тој во просек е помал од горенабљудуваните индекси на текстилната индустрија со што се наметнува заклучокот дека ова гранка, за разлика од другите гранки, е доста поосетлива на конјуктурни промени од аспект на вработеноста.

Според ова, се наметнуваат следниве заклучоци:

- Економската криза го намали бројот на вработените во вкупната индустрија и ваквото негативно влијание сеуште е присутно и дополнително се продлабочува. Меѓутоа, ако се земе предвид фактот што вкупниот број на вработени во услови на економска криза се зголемува (608.541 вработени во четвртиот квартал на 2008 година, 618.189 во првиот квартал на 2009 година и 636.156 во вториот квартал на 2009 година)[10] се јавува една контрадикторна ситуација на трансфер на работната сила од стопанските во нестопанските дејности и јавната администрација.
- Поради изразените трудоинтензивни карактеристики, интензитетот на намалување на бројот на вработените лица општо во текстилниот сектор е поголем во однос на просекот на ниво на вкупна индустрија. Поради големата застапеност на трошоците за бруто плати, во услови на намален обем на работа работодавците на овие фирми најпрвин реагираат со отпуштање на дел од вработените работници.
- Меѓутоа, динамиката на негативните влијанија кај секторот за текстил е во значителна мера понагласена во однос на секторот на облека, што донекаде ја ублажува и така негативната состојба на вработеноста ако се земе во обзир фактот што последниов апсорбира повеќе од 90% од вкупно вработените во текстилот.

## 4. Кризата и извозот од текстилната индустрија

Светската економска криза, чиишто последици се чувствуваат и во домашната економија, во основа е предизвикана од намалената агрегатна побарувачка на стоки и услуги во целиот свет, а особено во развиените земји. Со оглед на органската поврзаност на домашниот текстил со странските пазари, бидејќи преку 95% од производството се извезува во странство, се јавува реален

[10] Државен завод за статистика, Извештаи за активно население

ризик од влошување на состојбата со извозот од текстилната индустрија. Анализата на извозот од текстилниот сектор ќе се направи врз основа на следниве расположиви податоци:

***Табела бр. 5***

Движење на вкупниот извоз и извозот на тектил и облека.

| **Година** | **Извоз на текстил и облека (во 000 евра)** | **Вкупен извоз (во 000 евра)** | **Учество на извозот на текстил и облека во вкупниот извоз (%)** | **Индекс на годишна промена на вкупниот извоз** | **Индекс на годишна промена на извозот на текстил и облека** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2006** | 404.725 | 1.902.600 | 21,3% | - | - |
| **2007** | 462.773 | 2.441.500 | 19,0% | 28,3 | 14,3 |
| **2008** | 483.665 | 2.684.200 | 18,0% | -9,9 | 4,5 |
| **2008/01** | 37.276 | - | - | - | - |
| **2008/02** | 45.745 | - | - | - | - |
| **2008/03** | 44.569 | 1кв. 611.600 | 20,9% | - | - |
| **2008/04** | 32.679 | - | - | - | - |
| **2008/05** | 36.879 | - | - | - | - |
| **2008/06** | 41.991 | 2кв. 735.800 | 15,2% | - | - |
| **2008/07** | 49.545 | - | - | - | - |
| **2008/08** | 35.894 | - | - | - | - |
| **2008/09** | 41.309 | 3кв. 745.200 | 17,0% | - | - |
| **2008/10** | 35.460 | - | - | - | - |
| **2008/11** | 41.562 | - | - | - | - |
| **2008/12** | 40.755 | 4кв. 591.600 | 20,0% | - | - |
| **2009** | 1+2кв.208.539 | 1+2кв. 890.900 | 23,4% | -33,9 | -12,8 |
| **2009/01** | 38.219 | - | - | - | 2,7 |
| **2009/02** | 40.231 | - | - | - | -12,1 |
| **2009/03** | 35.422 | 1кв. 400.300 | 28,5% | -34,6 | -21,5 |
| **2009/04** | 27.454 | - | - | - | -15,8 |
| **2009/05** | 33.113 | - | - | - | -11,1 |
| **2009/06** | 34.100 | 2кв. 490.600 | 19,3% | -33,3 | -18,7 |
| **2009/07** | 38.773 | - | - | - | -21,9 |
| **2009/08** | 33.432 | - | - | - | -6,8 |
| **Вк.2009/08** | 280.774 | 1.242.300 | 22,6% | - | -13,5 |

***Извор: Државен завод за статистика и Министерство за финансии***

Од податоците во Табела бр. 5 со сигурност може да се каже дека економската криза многу негативно влијае врз состојбата со извозот на текстил и облека од Република Македонија. Имено, нагорниот тренд што постоел од претходниве години е прекинат со настапувањето на економската криза. Така, од расположивите индекси на годишна промена, може да се воочи дека од позитивните 14.3% пораст во 2007 година во однос на 2006 година, во 2008 година почнува да опаѓа, така да во првиот семестар од 2009 година во однос на истиот период од 2008 година опадне за 12.8%. Ако се земат предвид и месеците јули и август, вкупниот извоз на облека и текстил во 2009 година во периодот јануари - август во однос на истиот период од 2008 година опаѓа за цели 13.5% или за скоро

45.000.000 евра во апсолутен износ. На истата констатација упатуваат и движењето на месечните индекси на годишна промена кои укажуваат дури и на поинтензивни промени на извозот на годишно ниво (21.5% намалување во март 2009 година во однос на март 2008 година и 21.9% намалување во јули 2009 година во однос на јули 2008 година).

Меѓутоа, она што е воочливо, ако се споредат состојбите на вкупниот извоз и на извозот на текстил и облека е фактот дека степенот на реакција на економската криза е далеку поизразен кај вкупниот извоз, отколку кај текстилниот сектор. Имено, индексот на годишна промена на вкупниот извоз од позитивни 28.9% во 2007 година во однос на 2006 година, веќе во 2008 година во однос на 2007 година манифестира пад од 10%, за да на квартално ниво во 2009 година во однос на 2008 година покаже тренд на намалување во просек од дури 34%. Според ова, извозот на текстил и облека манифестира постабилни движења во услови на криза во однос на вкупниот извоз, што се потврдува и преку порастот на неговото процентуално учество во вкупниот извоз на квартално ниво, без разлика на долгорочните тенденции кои укажуваат на континуирано опаѓање на неговите вредности.

Врз основа на претходново може да се наметне како заклучок следново:

- Извозот на текстил и облека е осетлив на негативните промени на конјуктурата затоа што покажува опаѓање на неговото ниво според аналитичките показатели. Со оглед на фактот што во меѓувреме се очекува договорите во текстилната индустрија да доспеат, во услови на се уште присутна криза, овие состојби можат да продолжат во иднина, а притоа и да се интензивираат.
- Степенот на реакција на извозот на текстил и облека е помал во однос на оној на вкупниот извоз. Ова значи дека поголем удар од кризата трпат другите индустриски гранки, особено металната индустрија и индустријата за производство на метални производи, која впрочем има и најголемо учество во формирањето на вкупниот извоз. Меѓутоа, доспевањето на договорите за испорака, отсуството на најави за нивно продолжување, пролонгирањето на ефектите на кризата придонесуваат за уште поголема неизвесност и несигурност и на текстилното производство и извоз, а со тоа и ризик од влошување на состојбите во иднина.
- Причините за ваквата состојба со македонскиот извоз, а во тој контекст и извозот на текстил и облека се наоѓаат во природата и карактерот на економската криза, структурата на извозот, структурата на текстилното производство, и преголемата зависност на извозот од промената на странскиот доход и промената на домашното индустриско производство.[11] Најпрвин, економската криза присутна во светски рамки се карактеризира со опаѓање на агрегатната побарувачка ширум земјите во светот што се манифестира со опаѓање на националното производство, нивото на

[11] Според макроекономскиот модел на македонскиот извоз претставен од М-р Бранимир Јовановиќ и М-р Марјан Петрески, тој се одликува со висока зависност од странскиот доход (странскиот БДП т.е. странската агрегатна побарувачка), со коефициент на реакција од 4.72, висока зависнот од домашната понуда, односно домашното индустриско производство со коефициент на реакција од 3.05 и ниска зависност од промената на релативните цени т.е. девизниот курс ( што значи ниска ценовна еластичност на извозот) со коефициент на реакција 1.45.

вработеност и воопшто националниот БДП (што со други зборови значи опаѓање на нивото на странскиот доход). Во услови на висок степен на зависност на нашиот извоз од нивото на странскиот доход и домашното индустриско производство, намалувањето на странската агрегатна побарувачка пропратено со редукција на домашната понуда и производство, предизвика и соодветно намалување на вкупниот извоз и извозот од текстилната индустрија. Структурата на извозот и структурата на текстилното производство ги надополнуваат причините за ваквата состојба. Имено, структурата на вкупниот извоз се состои со поголемо учество на оние компоненти кои се доста осетливи на промената на варијаблите како што се странскиот доход и странската агрегатна побарувачка. Текстилот и производите од текстил спаѓаат претежно во категоријата производи за широка лична потрошувачка која во услови на изразена криза имаат доста висок степен на еластичност на побарувачката во зависност од промената на релативниот доход. За разлика од категоријата на т.н. егзистенцијални производи, кои имаат стабилна побарувачка во однос на промената на доходот, во услови на рецесија, најмногу трпи продажбата на стоките за широка лична потрошувачка во кои спаѓа и облеката. Во прилог на причинската поврзаност на опаѓањето на извозот со структурата на извозот и структурата на текстилното производство се надоврзуваат и фактите за извозната ориентираност на текстилниот сектор, со тековно процентуално учество од околу 20% во вкупниот извоз кое се рангира како второ во вкупната извозна структура.

## Заклучок

Текстилната индустрија претставува значајна и традиционална гранка во Република Македонија, со значаен придонес во формирањето на БДП, вработеноста и вкупниот извоз. Таа се карактеризира со структура во која доминантно учество завзема производството на облека и маргинално учество на производството на текстил, коишто претежно се наменети за извоз на странските пазари. Од аспект на степенот на финализација на производството, најзастапено е т.н. лон производство, а со помала застапеност е класичното производство во вид на „пакет на услуги“ и производството познато како „купување на крајниот производ“. На нејзиниот трудоинтензивен карактер како своевидна одлика се надоврзуваат производството со нестандардизиран квалитет, ниското ниво на економска ефикасност, високите производни трошоци и слабата меѓународна конкурентност.

Доаѓањето на светската економска криза, која ја затече оваа индустриска гранка во процес на преструктуирање, силно влијаеше врз намалувањето на нејзините перформанси во рамки на набљудуваниот временски период. Според тоа, негативни последици се чувствуваат од аспект на обемот на индустриското производство, нивото на вработеноста и нивото на извозната активност. Во услови на процес на реорганизирање на текстилниот сектор, продолженото влијание на рецесијата може сериозно да го загрози неговиот опстанок. Затоа, потребно е превземање на итни мерки кои би овозможиле полесно

пребродување на штетните влијанија од кризата, сé до моментот кога ќе настапи стабилизација на светските економски текови.[12] Ако се има предвид карактерот на оваа криза, со закрепнувањето на нивото на агрегатната побарувачка и доходот во странство, по автоматизам ќе се регенерира и состојбата на текстилната индустрија, како гранка со особено значење за домашната економија.

**Библиографија:**


1. Антикризната програма на Владата на Република Македонија
2. Груевски И. „Финансирање и развој на малите и средните претпријатија од текстилната индустрија во општина Кочани“, магистерски труд - Економски институт, Скопје, 2008
3. Дембовски Г., „Проектирање во конфекциско производство“, Технолошко-Металуршки факултет, Скопје, 2000
4. Дембовски Г., интернет скрипта „Технологија на изработка на облека“ Дел I и Дел II, Технолошко-Металуршки факултет, Скопје, 2000
5. Документи на „Европската Платформа за развој на текстил и облека“
6. Документи на Кластерот на текстилната индустрија на Република Македонија
7. Државен завод за статистика на Република Македонија - Извештаи за индексот на работниците во индустријата
8. Државен завод за статистика на Република Македонија - Извештаи за активно население
9. Државен завод за статистика на Република Македонија - Извештаи за надворешно-трговската активност
10. Државен завод за статистика на Република Македонија - Извештај за индустриското производство
11. Јовановиќ Б., Петрески М., „Кејнзијански макроекономски модел на РМ-Економски теории и бихејвиористички равенки“, Билтен на Министерство за финансии, Скопје 2009
12. Кусакатов Х., „Основни карактеристики на извозот од текстилната индустрија на Република Македонија“, списание Економски развој, Економски институт-Скопје, 2007 год.
13. Министерство за финансии на Република Македонија - Квартални економски извештаи
14. Народна Банка на Република Македонија - разни извештаи
15. „Стратегија за развој на текстилната индустрија во Република Македонија“, Економски институт - Скопје, 2007
16. „Студија за текстилната индустрија“ Економски Институт – Скопје 2006
17. „Светски трендови во производство на облека“, Центар за истражување и креирање на политики, Скопје 2005 година


[12] Подетално види во Антикризната програма на Владата на Република Македонија и на веб страницата на Кластерот на текстилната индустрија на Република Македонија.

**Ilija GRUEVSKI**

## THE INFLUENCE OF THE ECONOMIC CRISIS TO THE TEXTILE INDUSTRIAL PRODUCTION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Summary**

The textile industry is one of the most important traditional industrial branches in The Republic of Macedonia. It is mainly consisted of two major subbranches such as the production of textile materials and the production of textile clothes. The production process of the textile industry, according to it's different fases, is generally consisted of the following stages: production of repromaterials, production of textile materials, assembling or production of textile clothes, and finally performing services. All of these production stages have different production costs and different profit margins.

The basic importance of the textile industry for the macedonian economy can be determined through it's contribution for the GDP, the overall employment and the export. In the past period from the last decade, this industrial sector has faced many challenges and problems. The most important challenge is the need for restructuring it's product structure according to the new world market trends in order to preserve it's internationall competiveness. Becides that, a new even bigger challenge has emerged from the latest world economic recession, and that is to maintain it's relative importance for the domestic economy.

The actual recession have produced certain negative influences for the textile industry. It's industrial production, rate of employment and export performances have suffered some serious consequences. But, the most important conclusion from this anylisis is that the textile production is highly dependent from the foreign aggregate demand. Therefore, until it doesn't heal on levels like before, the authorities must create different action plans for the textile sector for better transition during the recession period.

**Key words:** textile production; industry; Republic of Macedonia; economic crisis.